# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.148 од 31.08.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија" број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/2010 и 97/15), во членот 60 став (1) зборовите: „4.000 до" се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „одговорното лице" се заменуваат со зборовите: „службеното лице".

Ставот (3) се менува и гласи:

„Доколку постапувањето од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено од користољубие или е предизвикана поголема материјална штета, на сторителот на прекршокот ќе му се изрече глоба за прекршок во двоен износ од одмерената глоба.

**Член 2**

Во членот 63-б став (1) зборовите: „500 до 1.000" се заменуваат со зборовите: „200 до 300".

Во ставот (2) зборовите: „1.000 до" се бришат.

**Член 3**

Членот 67 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице што не пријавува сметки во странство или врши исплати во странство спротивно на членот 59 став (4) од овој закон, освен ако се исполнети елементите на кривично дело.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.

**Член 4**

По членот 67 се додава нов член 67-а, кој гласи:

**„Член 67-а**

Одмерувањето на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците."

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".